**20101392841**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 70 став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, донесе

# УПАТСВО ЗА СОДРЖИНАТА НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Член 1

Со ова упатство се утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Член 2

Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи содржи:

а) Назив на елаборатот за објектот и името на проектантот со соодветна лиценца за проектирање;

б) Проценка на загрозеност од пожари, експлозии и опасни материи во која внесуваат:

- карактеристики на локацијата (микро и макро), степен на урбанизираност, степен на загрозеност од пожари, експлозии и опасни материи и услови кои им погодуваат на пожарите, експлозиите и опасните материи, климатско-хидролошки услови кои имаат влијание врз загрозеноста на објектот;
- растојание меѓу објектите на избраната локација и конструктивно градежни и технички мерки што произлегуваат од диспозицијата на објектите;
- опис и намена на објектите вцртани во ситуацијата;
- детална анализа на опасностите од пожари, експлозии и опасни материи во однос на намената на објектот, вградениот материјал и применетите конструкции, како и материјалите и материите што ќе бидат вградени, преработувани и користени во технолошкиот процес и врз основа на тоа применети мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

в) Избор на мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи во однос на намената на објектот и технолошкиот процес во него;

г) Потребно количество и притисок на вода во хидрантската мрежа;

д) Потребни уреди, техничка опрема и средства за гасење на пожари;

ѓ) Уреди за вентилација на просториите;

е) Приодни патишта и премини;

ж) Излези и патишта за евакуација на загрозени лица и материјални добра од пожари и експлозии;

з) Избор и поставување на уреди и инсталации за автоматско откривање, јавување и гасење на пожари, како и уреди за мерење на концентрацијата на запаливите експлозивни смеси (гасови, прашина, течности) и

ѕ) Организација на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи и тактичко-оперативни постапки во тек на градба на инвестиционите објекти.

Член 3

Во елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се наведуваат прописите кои се однесуваат на применетите мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Член 4

Со донесувањето на ова упатство престанува да важи Упатството за содржината на проектот за заштита од пожари („Службен весник на Република Македонија” бр. 60/ 2006).

Член 5

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2944/3
5 октомври 2010 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за заштита и спасување,
**Шабан Салиу**, с.р.